КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 07.11.2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: 110740 и 110361 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д.за електронски комуникации-Скопје, со адреса : ул.“Кеј 13-ти Ноември бр.6“ Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 107828, 110740 и 110361 на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д. за електронски комуникации-Скопје, со адреса : ул.“Кеј 13-ти Ноември бр.6“ Скопје.

На 06.11.2017 год. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д.за електронски комуникации-Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број Уп1-бр.0802-1317. Одобрението со евидентен број 107828 е отповикано на 12.06.2017 со решение уп1-бр.0802-891 на ваше барање.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-1317
Скопје, 08-11-2017

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii